# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 2 година XXXVI

Јуни 2023 г.



*СОДРЖИНА*

2 страна - **Претставници на австриската организација Lebenshilfe Tirol во посета на РЦПЛИП - ПОРАКА**

3 страна - **Одбележување на јубилеј**

4 и 5 страна - **Меѓународна конференција на ЕАСПД во Тирана**

6 и 7 страна - **Активности во рамки на проектот Интеркултурно учење за сите**

7 страна - **Работилница за евалуација на програмата за работа во дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА**

8 и 9 страна - **Извештај на ЕДФ за состојбите во полето на вработување**

10 и 11 страна - **5-ти Европски парламент на лицата со попреченост**

11 страна - **Соработки на РЦПЛИП - ПОРАКА**

12, 13, 14 и 15 страна - **Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП – ПОРАКА**

16 страна - **Заклучоци од работилници за дискриминација во рамки на проектот „Интеркултурно учење за сите“**

***“ПОРАКА”***
***Гласило на Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА***

**Јуни 2023 г. Број 2, год. XXXVI**
Гласилото излегува секои 3 месеци

***Уредувачки одбор:***
Д-р Василка Димоска Де Јонг
М-р Владо Крстовски
М-р Маја Гацоска

***Печати:***
Артифекс Креативе ДОО Скопје
Тираж 1.000 примероци

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
“Орце Николов” бр. 122, Скопје;
тел.: 329 69 61; e-mail: poraka@t.mk
web: www.poraka.org.mk

**Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.**

# Претставници на австриската организација Lebenshilfe Tirol во посета на РЦПЛИП - ПОРАКА

Активностите на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА на меѓународно ниво, меѓу другото, резултираат и со низа успешни соработки со организации кои делуваат во Европа, но и во светот.

Една од тие соработки е со организацијата Lebenshilfe Tirol, организација која долги години делува во Тирол, Австрија. Организацијата обезбедува социјални сервисни служби за лица со интелектуална попреченост кои меѓу другото вклучуваат сервисни служби за интервенција во раното детство. По повод нивното 60 годишно постоење, дел од вработените во организацијата ќе остварат студиски посети во партнерски организации низ Европа.



Во периодот 29 мај - 1 јуни 2023 година, и од 12-ти до 16-ти јуни, РЦПЛИП – ПОРАКА беше домаќин на две групи претставници на Lebenshilfe Tirol. Тие имаа можност да се запознаат со активностите на РЦПЛИП – ПОРАКА, да посетат дел од социјалните сервисни служби на РЦПЛИП – ПОРАКА и директно да ја видат реализацијата на програмските активности во овие сервиси. Исто така, имаа можност да се запознаат и со системот на социјални сервисни служби во нашата држава. Се оствари и средба со претставник од Министерството за труд и социјална политика и директно да чујат за плановите на ова министерство во однос на обезбедувањето сервисни служби за лица со попреченост, со акцент на интервенцијата во раното детство. Воедно претставниците на Lebenshilfe Tirol ги споделија и своите знаења и искуства со тимот на РЦПЛИП – ПОРАКА и вработените лица во дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА.

Интензивната, отворена и конструктивна размена на искуства, знаења и информации ќе помогнат во понатамошната имплементација на нови идеи и пристапи во работата на двете организации.



Активности на РЦПЛИП – ПОРАКА

# Активности за одбележување на јубилеј
## 60 години активно делување на РЦПЛИП - ПОРАКА

**РЦПЛИП – ПОРАКА е оформен на 3-ти Јуни 1963 година, како Сојуз на друштва за помош на ментално ретардирани лица на Македонија. Во 1998 година го менува називот во Републички центар за помош на лица со ментален хендикеп – ПОРАКА, а во 2003 година го добива називот кој го носи до денес.**

**Во 2023 година се навршуваат 60 години од делувањето на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА.**

Во изминатите 60 години, РЦПЛИП – ПОРАКА, како матична организација на лицата со интелектуална попреченост во нашата држава, е носител на бројни иницијативи чија цел е создавање на општество во кое сите лица со интелектуална попреченост и нивните семејства ќе имаат достоинствен живот.

Како мрежа од локални организации и сервисни служби низ целата држава, водена од посветени активисти, професионалци и родители на лица со интелектуална попреченост, РЦПЛИП - ПОРАКА придонесува во креирањето на сите позначајни закони, политики и програми, кои се однесуваат на човековите права на лицата со интелектуална попреченост и нивното остварување на национално и на локално ниво.

Големиот број на успешно реализирани редовни програмски задачи, посебни програми, проекти и оформени сервисни служби, говорат за функционирањето и делувањето на РЦПЛИП – ПОРАКА како важен чинител во процесот на изедначување на можностите на лицата со интелектуална попреченост. РЦПЛИП – ПОРАКА е еден од главните промотори и застапници на Конвенцијата на ОН за правата на лицата по попреченост во нашата држава.

Несомнено е дека развојниот пат од 6 децении и постигнувањата на РЦПЛИП – ПОРАКА се достојни за почит. Поради тоа, во 2023 година РЦПЛИП – ПОРАКА ќе преземе активности со кои соодветно ќе биде одбележан овој голем јубилеј. Целта на овие активности ќе биде да се афирмираат резултатите, како основа за понатамошна успешна работа, но истовремено ќе опфатат иницијативи за застапување и подобрување на човековите права на лицата со интелектуална попреченост на национално и на локално ниво, како и акции за подигнување на јавната свеста.

Една од тие активности беше средбата со Претседателот на Република Северна Македонија, Н.Е. Стево Пендаровски. Средбата се реализираше на 1-ви јуни 2023 година, во рамките на активноста Отворен кабинет. Учесници на средбата беа претставници на РЦПЛИП – ПОРАКА, корисници на дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА и нивните едукатори. Ним им беа претставени историски податоци за објектот, беа информирани за работата и надлежностите на претседателот Пендаровски, а ги посетија и просториите во коишто се реализираат официјалните и работните средби.

Претставувајќи го досегашното шестдецениско функционирање на РЦПЛИП - ПОРАКА, Чедомир Трајковски, Претседател, и д-р Василка Димоска Де Јонг, генерален секретар на РЦПЛИП - ПОРАКА, информираа дека низ годините се создала мрежа на локални организации низ целата држава чиишто активности се насочени кон подигнување на јавната свест во однос на потребите и правата на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства, како и унапредување на законските можности за остварување на нивните човекови права посветувајќи особено внимание на процесот на имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост.

Изразувајќи ја својата поддршка за активностите на РЦПЛИП - ПОРАКА за поголема инклузија на лицата со интелектуална попреченост во општествениот и социјалниот живот, претседателот Пендаровски истакна дека нивната работа придонесува во создавањето на општество со еднакви можности за сите.



## Активности од членството на РЦПЛИП – ПОРАКА во ЕАСПД

# Меѓународна конференција организирана од ЕАСПД и УНИЦЕФ
# Интервенција во раното детство насочена кон семејството: Како да профункционира

**Интервенцијата во раното детство насочена кон семејството е начинот на кој се приближуваме до поинклузивни заедници.**

На 8-ми и 9-ти јуни, Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост (ЕАСПД), УНИЦЕФ, Даунов синдром Албанија и асоцијацијата Помогнете на животот беа домаќини на меѓународната конференција „Интервенција во раното детство насочена кон семејството: како да профункционира“ во Тирана, Албанија. Конференцијата ги потенцираше бенефитите од Интервенцијата во раното детство насочена кон семејството (ИРД) за децата кои се во ризик од развојни потешкотии или попречености, нивните семејства и пошироката заедница бидејќи овие сервисни служби придонесуваат за поинклузивни и кон иднината насочени општества. Заедно, ЕАСПД и партнерите ги повикаа националните креатори на политики да инвестираат во зајакнувањето на своите системи за ИРД и ја поттикнаа Европската унија да го поддржува своите земји членки во овој процес.

Интервенцијата во раното детство (ИРД) е поле од сервисни служби за млади деца и нивните семејства, кое помага да се идентификуваат, превенираат, надминат или минимизираат ризичните ситуации поврзани со развојни потешкотии или попречености. Сервисните служби за ИРД предностите и силните страни на детето и на семејството ги ставаат во срцето на поддршката, градат индивидуализирана поддршка во партнерство со семејството, кои се активни учесници во секој аспект од процесот. Овие сервисни служби ја унапредуваат добросостојбата на децата и на семејствата, придонесувајќи за превенција од сместување на децата во институција и за инклузија.

На конференцијата присуствуваа над 300 учесници, кои се фокусираа на приближувањето кон пристап во ИРД што е насочен кон семејството, притоа разгледувајќи различни водечки принципи, практични примери и системски елементи потребни за сето тоа да се случи.

Конференцијата „Интервенција во раното детство насочена кон семејството: како да профункционира“ официјално ја отвори д-р Василка Димоска Де Јонг, Генерален секретар на РЦПЛИП – ПОРАКА, но и претседавач на Форумот на ЕАСПД за рана интервенција, а воедно беше и модератор на првите две воведни сесии од конференцијата.

Првиот работен ден од конференцијата се одржаа две панел дискусии, на следниве теми:

- Принципите на интервенцијата во раното детство во практика;
- Градење и зајакнување на националните системи на интервенцијата во раното детство;

Во текот на првата панел дискусија се разгледуваа клучните принципи за ИРД насочена кон семејството кои произлегуваат од Документот за позиција на ЕАСПД за ИРД: Најдобриот почеток во животот, како и принципите




кои произлегуваат директно од практиките во работата со децата и семејствата кои имаат потреба од ИРД. Во втората панел дискусија дискусиите повеќе беа насочени кон разгледувањето на решенија, т.е., начините за организирање и обезбедување на сервисни служби за ИРД, како и начините за нивно зајакнување на национално ниво.

Во текот на првиот работен ден се одржаа и пет работилници на следните теми:

- Ситуациона анализа и научени лекции во однос на ИРД од страна на УНИЦЕФ во Северна Македонија и Црна Гора;
- Употребата на технологии насочени кон лицето во ИРД;
- Рана идентификација на потешкотии во развојот кај децата;
- Методологии и наоди од собирање добри практики за семејна поддршка;
- Интервенција заснована на рутини и поста во домот.

Вториот работен ден од конференцијата продолжи со уште пет работилници кои ги опфатија темите:

- Кажувања за семејната поддршка: искуства од проектот за поддршка на развојот во раното детство за раселените украински семејства;
- Мапи наменети за градење на национални системи за ИРД и проектот за ИРД во Грција, како и нивниот пат низ политиките, научени лекции;
- Обука на родители: начинот на Денвер и „Сега и следно“;
- Прегореност на родителите и професионалците во ИРД,







дефиниција и стратегии за надминување на истото;
- Преод кон образование и грижа во раното детство: алатки за инклузија на децата со попреченост.

По работилниците, следеа уште две панел дискусии:
- Интервенцијата во раното детство во контекст на вонредни состојби и раселување;
- Како да се користат постоечките политики и финансиски инструменти за унапредување на интервенцијата во раното детство во Европа.

**Катарина Иванковиќ Кнежевиќ, Директор за социјални права и инклузија при Европската комисија**, во своето обраќање за време на четвртата панел дискусија се согласи околу важноста од ИРД насочена кон семејството и нејзината улога да се постигне креирање на еднаква Европа која никого не остава позади. Говорејќи преку видео порака, Катарина Иванковиќ Кнежевиќ ги потсети учесниците и креаторите на политики на препораките од Европската гаранција за детето, која го содржи правото на децата и нивните семејства да имаат пристап до клучните сервисни служби, минимизирање на социјалното исклучување и унапредување на еднаквите можности за сите деца.

Потребни се сеопфатни и интегрирани национални системи за ИРД за да се осигури квалитетна поддршка за сите семејства. Клучниот предизвик за постигнување на овие системи е недостигот на правни рамки и стратешки планови за регулирање, организирање и гарантирање на високо квалитетни и одржливи сервисни служби за ИРД. Конференцијата даде можност да се истакнат ветувачки примери за развивање на вакви системи во различни земји.

Говорејќи на 7-мата работилница, **Irene Bertana, ЕАСПД**, ги повика националните влади да дадат приоритет на развојот на национални стратешки планови за пружање интегрирани сервисни служби за ИРД насочени кон семејството. Потенцирајќи ги можностите за поддршка од ЕУ, таа додаде: „Во Грција, веќе може да видиме како се користи Инструментот за техничка поддршка за да се имплементираат реформи во ИРД. Ги охрабрувам земјите членки да работат заедно со Европската унија за да се инвестира во креирање системи кои ќе овозможат суштинска поддршка на ранливите семејства, како и намалување на притисокот врз јавното здравство, образование и сервисните служби од социјална заштита“.

Дополнително размислувајќи на она што може да се направи за да се изградат и зајакнат националните системи за ИРД, **Ивелина Борисова, Советник за развој во раното детство во регионалната канцеларија на УНИЦЕФ за Европа и Централна Азија**, во заклучните забелешки на крајот од конференцијата, рече: „УНИЦЕФ ги повикува сите партнери да ја увидат важноста за поддршка на децата кои имаат потешкотии во развојот уште од рана возраст. Доказот е јасен: интервенцијата во раното детство насочена кон семејството има силно, позитивно влијание врз децата, семејствата и заедниците. Посветени сме на соработка со владите, академиите и граѓанското општество за да се изградат соодветни национални системи кои ги задоволуваат различните потреби на децата и семејствата. Заедно можеме да создадеме иднина во која секое дете напредува и секое семејство добива поддршка“.

**Конференцијата, ги опфати клучните елементи од практиките во ИРД насочени кон семејството и креирањето на национални системи за ИРД. Исто така, имаше можност да се споделат резултатите од заедничките активности на ЕАСПД и УНИЦЕФ за итен развој во раното детство за оние кои се погодени од војната. Целите на конференцијата беа:**
- **Подигнување на јавната свест за бенефитите и функционирањето на ИРД насочена кон семејството**
- **Потенцирање на добри практики и методологии во полето на ИРД**
- **Споделување искуства за обезбедување на сервисни служби за бегалците од Украина во соседните земји**
- **Осврнување на земјите од Балканот, притоа истакнувајќи ги специфичните предизвици и можности за регионот**
- **Дискусии за создавање на национални системи за ИРД и улогата на ЕУ во олеснување на истите**
- **Поттикнување на поголеми заложби од страна на креаторите на политики при давањето приоритети на ИРД и политиките за образование и грижа во раното детство низ цела Европа.**

Конференцијата заврши со тоа што ЕАСПД и УНИЦЕФ се обврзаа да ја продолжат својата работа во поддршката и зајакнувањето на системите за ИРД насочени кон семејството. Во следните недели, двете организации ќе ги претстават заедничките заклучоци кои произлегоа од конференцијата.

На конференцијата „Интервенција во раното детство насочена кон семејството: како да профункционира“ учествуваа д-р Василка Димоска Де Јонг, Генерален секретар на РЦПЛИП – ПОРАКА и м-р Владо Крстовски, програмски менаџер на РЦПЛИП – ПОРАКА. Исто така, Генералниот секретар, како член на Управниот одбор на ЕАСПД, учествуваше на состанокот на Управниот одбор. Заедно со програмскиот менаџер, учествуваа на седницата на Генералното Собрание.

## Партнерски активности на РЦПЛИП – ПОРАКА

# Активности во рамките на проектот „Интеркултурно учење за сите“

Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА во соработка со здружението „На пола пат“ од Србија и СУМЕРО од Босна и Херцеговина започнаа со спроведување на проект со наслов „Интеркултурно учење за сите“ во јануари 2023 година. Проектот се заснова на долгогодишното искуство на трите партнер организации во областа на социјална инклузија, развој на вештини за лица со интелектуална попреченост во однос на окупациона терапија, креативност, вештини за само-застапување, интеркултурно учење и толеранција.

Главната цел на проектот предвидува активно учество на лица со интелектуална попреченост како само-застапници кои ги надминуваат стереотипите, предрасудите и бариерите преку интеркултурно учење и придонесуваат за добрососедските односи во регионот и социјалната и културната соработка. Воедно со проектот се предвидува да се даде придонес за регионалната соработка преку вклучување на лица со интелектуална попреченост во интеркултурен дијалог, промовирање на нивната интеграција, воспоставување на врски помеѓу луѓето воопшто.

Изминатиов период редовно се реализираа предвидените проектни активности. Особен акцент беше даден на реализација на тематски работилници. Едукаторите и корисниците во сите дневни центри на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА активно беа вклучени во спроведување на работилниците на кои се обработуваа теми од областа на дискриминација, предрасуди, стереотипи и начини за надминување на истите.

Работилниците за дискриминација вклучија разговори за лични искуства од дискриминација во секојдневното живеење, се разговараше за видовите на дискриминација, како областите во кои најчесно се дискриминирани лицата со попреченост. За да се доближи тематиката до корисниците на дневните центри се користеа видео материјали, слики и примери во кои се опишувани различните видови на дискриминација. На сличен начин се реализираа и работилниците посветени на предрасудите и




стереотипите кои владеат во општеството а се однесуваат за лицата со попреченост. На работилниците пак наменети за начините за надминување и справување со дискриминација и дискриминаторно однесување подетално се разговараше околу улогата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и како таа комисија може да помогне при дискриминаторните однесувања кон поединци или групи на лица. Од работилниците произлегоа и неколку интересни пораки кои ги пренесоа корисниците. На пример:

- **Срамота е во денешно време да ме нарекуваат „специјална“, не знам зошто кога јас имам исти потреби како сите луѓе;**
- **Дискриминацијата боли... боли кога ме гледаат со потсмев, кога ме избегнуваат и само ме сожалуваат...**
- **И ние имаме таленти, но луѓето ретко ни ги препознаваат, тие мислат дека не сме способни за било што...**
- **Кога не ме познаваш, немој да судиш според мојот изглед, треба да ме запознаеш за да видиш дека сите сме исти иако различно изгледаме...**
- **На училиште сите деца ме исмеваа дека сум побавна од нив, наставниците не ми обраќаа доволно внимание, па моите родители мораа да ме префрлат во посебно училиште.**





## Партнерски активности на РЦПЛИП – ПОРАКА






Воедно, се донесоа и неколку заклучоци:

- **Дискриминацијата, стереотипите и предрасудите кон лицата со интелектуална попреченост сè уште се присутни во нашите заедници.**
- **Тие оневозможуваат лицата со интелектуална попреченост да ги остварат своите човекови права, потенцијали и можности.**
- **Затоа е потребно е да се бориме против дискриминацијата на сите можни начини.**

Работилниците продолжуваат и следниот период, а ќе ги опфатат темите што ги разработуваат партнерските организации, како што се култура, традиција и обичаи, и ненасилна комуникација. Дополнително ќе се реализираат и кулинарски работилници за подготовка на јадења кои се карактеристични за трите земји вклучени во проектот, по што сите разработени теми ќе бидат опфатени во прирачник. Исто така, во тек е и подготовка на прирачник во кој ќе бидат содржани трите теми врз основа на кое се спроведуваат работилниците, и ќе послужи за мултиплицирање на овие проектни активности во пошироката средина.

Проектот „Интеркултурно учење за сите“ финансиски е поддржан од Фондот за Западен Балкан (WBF), со поддршка на Европската унија, во рамките на Повикот за поднесување регионални проекти „Поддршка за промоција на регионални активности на граѓанското општество“.



## Активности на РЦПЛИП – ПОРАКА

# Работилница за евалуација на програмата за работа во дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА

Започнувајќи од февруари 2022 година, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА ја преструктуираше својата програма за работа во дневните центри која беше усогласена на работилница за „Практични активности за унапредување на вештините за самостојно живеење на корисниците на дневните центри и социјалните клубови на РЦПЛИП – ПОРАКА“. Преструктуирањето на програмите за работа во сервисните служби произлезе од потребата да се стави поголем акцент околу развивањето и задржувањето на практичните вештини и вештините за самостоен живот на корисниците. Зајакнувањето на практичните вештини е особено важно за корисниците кои во изминатиот период останаа без своите родители, со цел да се овозможи нивно постамостојно функционирање во својот дом, со поддршка од поширокото семејство. Исто така, кај дел од корисниците на сервисните служби, како последица од пандемијата и останувањето дома, се воочува уназадување во практичните вештини.

Како дел од програмските активности насочени кон стручно методолошка поддршка за унапредување на работата во своите сервисни служби за лица со интелектуална попреченост, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА организираше и одржа еднодневна работилница на 19.5.2023 година. Работилницата беше наменета за евалуација на работата на дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА со сите вработени лица во дневните центри и се одржа во просториите на РЦПЛИП - ПОРАКА. За време на работилницата, тимот на РЦПЛИП – ПОРАКА, како и вработените лица, меѓусебно даваа предлози за подобрување на содржинските аспекти во функционирањето на дневните центри. Истовремено, се укажуваше и на потешкотиите во работата и заеднички се бараа можни решенија.

Тимот на РЦПЛИП – ПОРАКА ќе продолжи континуирано да дава поддршка на персоналот за успешно планирање и реализирање на програмите за работа во мрежата на сервисни служби на РЦПЛИП – ПОРАКА.

## Активности на Европскиот форум за попреченост

# Извештај за состојбите во полето на вработување на лица со попреченост во ЕУ „Право на работа“

На 27 април 2023 година, Европскиот форум за попреченост го промовираше 7-миот извештај за човекови права, посветен на Правото на работа, а за кој во изминатиот период спроведе детално истражување. На настанот присуствуваа учесници од цела Европа, вклучувајќи креатори на политики, граѓански организации, организации на лица со попреченост, и застапници за попреченост.

**Jane Buchanan, водечкиот истражувач за извештајот, и Haydn Hammersley, координатор за социјални политики во ЕДФ, го започнаа настанот со презентација на главните наоди од истражувањето:**

- **Лицата со попреченост се соочуваат со значајно помала веројатност од вработување отколку лицата без попреченост:** само 51,3% од активните, лица со попреченост на работна возраст во ЕУ имаат платено вработување. Понатаму, жените и младите лица се во неповолна ситуација: само 49% од жените и 47,4% од младите лица со попреченост имаат платено вработување. Ситуацијата е особено лоша во 4 земји членки на ЕУ. Грција и Ирска се напред во оваа „сала на срамот“, со помалку од една третина (36,6%) вработени лица со попреченост. Следи Хрватска со само 37% и Шпанија со 39%. Ситуацијата станува уште полоша кога се зема предвид вработувањето со полно работно време, особено за жените со попреченост. Во 11 земји, помалку од 20% од жените со попреченост имаат вработување со полно работно време. Меѓу земјите се: Ирска, Белгија, Шпанија, Италија, Малта, Полска, Унгарија, Хрватска, Романија, Бугарија и Грција. Ова е и покрај тоа што жените со попреченост се, во просек, пообразовани отколку мажите со попреченост. Јазот помеѓу стапките на вработеност на лицата со попреченост и без попреченост – „јазот во вработувањето на лицата со попреченост“ – е очигледен, и тој варира во голема мера. Просекот во ЕУ е 24,4 процентни поени – но, јазовите во земјите членки каде ситуацијата е најлоша се многу пошироки: Ирска – со речиси 40 процентни поени, т.е. 38,6; Белгија – 36,3 процентни поени; и Бугарија – 33 процентни поени. Најмалиот јаз е во Португалија, и е 18,2 процентни поени;



- **Интерсекторството е важно:** жените и младите со попреченост искусуваат поголеми препреки при вработување, особено кога станува збор за работа со полно работно време. 20% од жените со попреченост работат со полно работно време, во споредба со 29% на мажи со попреченост. Дополнително, кај лицата кои имаат поголеми потреби од поддршка веројатноста да бидат вработени е 40% помала отколку лицата без поголеми потреби од поддршка;
- **Дури и кога работат, лицата со попреченост не го искусуваат истиот квалитет на работа:** Лицата со попреченост имаат потешкотии при пристап до квалитетно вработување и помала е веројатноста да бидат вработени со полно работно време.
- Извештајот исто така открива дека **лицата со попреченост сè уште заработуваат помалку,** иако ним им е потребен поголем приход за да се соочат со дополнителните трошоци за живеење во дискриминирачко и непристапно општество. Трошоците за домување и транспорт, на пример, претставуваат несразмерен голем товар за лицата со попреченост во споредба со лицата без попреченост. Во извештајот се објаснува дека лицата со попреченост имаат и поголеми трошоци за вработување, како на пример плаќање за посебен превоз поради непристапниот јавен превоз, дополнителен трошок за лична асистенција во часови (период) што повеќе им одговара, итн. Сето ова создава проблем на сиромаштија. Оттука и податокот дека над 47% од лицата со попреченост во ЕУ не можат да ги платат своите режиски трошоци;
- **Надоместокот за попреченост вообичаено е врзан со приход од вработување.** Во многу од земјите, тој е врзан со приход и се намалува кога лицата со попреченост добиваат приход од вработување – сепак, за лицата со попреченост кои работат, трошоците за живеење и понатаму растат. Всушност, лицата со попреченост е поверојатно дека ќе се соочат со сиромаштија и кога се вработени отколку лицата без попреченост. Токму затоа, преку извештајот, ги повикуваме земјите од ЕУ да продолжат со обезбедувањето на надоместоци поради попреченост дури и кога лицата се вработени со полно работно време – како средства за надоместување на овие трошоци.
- **Кога е обезбедено разумно прилагодување, лицата со попреченост подобро работат.** Во однос на разумното прилагодување, генералните прашања опфаќаат ограничено финансирање и поддршка, преобемна бирократија за пристап до разумното прилагодување (товар, како за работодавачите, така и за вработените), и ограничена достапност до информации во однос на поддршката што ја овозможува државата. И покрај Директивата на ЕУ за еднаквост при и во вработувањето, која е на сила од 2000 година, не постојат насоки за соодветно приспособување, и дури и наједноставните барања за префрлање во скратено работно време честопати се одбивани. Тоа води кон неправедни

## Активности на Европскиот форум за попреченост

практики – на пример, Сузана од Чешка морала да престане да работи поради недостигот од пристап до лична асистенција. Но, низа студии исто така покажале дека значаен број на прилагодувања на работните места може да се направи без трошоци бидејќи разумното прилагодување може, исто така, да значи флексибилно работно време, да се работи од дома и да се дозволи лична асистенција. Дополнително, повеќето земји членки на ЕУ овозможуваат финансиска поддршка за разумно прилагодување.

### Причини за јазот во вработувањето на лицата со попреченост

Истражувањето во рамки на извештајот најде неколку причини за овој јаз – главните меѓу нив се недостигот од обезбедено соодветно приспособување, структурната дискриминација и пристрасност со кои се соочуваат лицата со попреченост, како и немањето пристап до инклузивно и квалитетно образование.

Структурната пристрасност и дискриминација постојат на секој чекор: од сервисните служби за вработување за време на барањето работа до кога ќе се вработат лицата, поминувајќи низ процесот на регрутирање. На пример, Аника од Австрија, била во нејзините 30-ти години кога и било кажано да се пријави за пензија поради попреченост (инвалидска пензија) – бидејќи агенцијата за вработување не можела да најде место за неа и покрај нејзините професионални квалификации. Маргрет, од Исланд, која работи во амбасада, пријавила дека супервизорите честопати одлучуваат да не и даваат задачи поради нејзината попреченост – без да ја консултираат. Ова не е изолиран случај – едно истражување во Германија спроведено во 2019 година покажало дека 58% од анкетираните лица со попреченост се соочиле со дискриминација на работното место.

Во извештајот, исто така, се нагласува вообичаената употреба на **штетни модели за вработување** кои – и покрај тоа што биле создадени со добри намери – се сегрегирачки и, во некои случаи, ги искористуваат лицата со попреченост. Моделите на заштитно вработување – места каде најчесто се вработуваат лицата со попреченост во затворени средини – се особено проблематични бидејќи работниците честопати имаат пониски плати (понекогаш под минималната плата), лоши услови за работа, помали можности за напредување и недостасува стабилност.

### Препораки

Во извештајот се поставени серија од препораки за јавните власти – вклучувајќи ја ЕУ и земјите членки:

- Да се дозволи лицата да ги задржат надоместоците за попреченост и кога се вработени;
- Да се забрани практиката за плаќање на лицата со попреченост под минималната плата – и да се промовираат модели за вработување кои го олеснуваат преодот кон вклучување во отворениот пазар на трудот;
- Да се промовираат ефективни практики за пристап до соодветно приспособување и да се вработуваат лица со попреченост кои се маргинализирани и по други основи.

По презентацијата на истражувањето, следеше излагањето на Катарина Иванковиќ-Кнежевиќ, Директор на Одделението за вработување, социјална работа и инклузија при Европската комисија. Таа ги презентираше алатките кои Европската унија ги развива за да го поттикне вработувањето на лицата со попреченост во Европа, вклучително и преку имплементацијата на Европската стратегија за правата на лицата со попреченост 2021-2030:

- **Пакет мерки за вработување на лица со попреченост,** со цел да се подобрат резултатите на пазарот на трудот за лицата со попреченост. пакетот ќе се состои од одреден број насоки и добри практики за работодавачите, вработените и властите;
- **Насоки за самостојно живеење и рамка за социјални сервисни служби за лица со попреченост** (планирани за 2024 година), кои одат заедно бидејќи вистинска инклузија на лицата со попреченост во заедницата може да функционира само ако добро функционираат локалните сервисни служби;
- **Пристапен ЕУ ресурсен центар,** со цел да се спојат национални експерти за пристапност за да се зголеми кохерентноста во политиките за попреченост и да се развиваат алатки за имплементација на ЕУ законите во оваа област;
- **ЕУ карта за лица со попреченост,** креирана за да го унапреди слободното движење на лицата со попреченост низ Европа;
- **Преглед на социјалните права во однос на јазот во вработувањето на лица со попреченост,** алатка за следење што се користи за информирање за одредени препораки и да се истакнување области на подобрувања при составувањето на извештаите од земјите членки.

**Kamil Goungor** од Европската мрежа за самостојно живеење, **Pirkko Mahlamaki** од Финскиот форум за попреченост и **Tamara Byrne** од Комитетот на млади при ЕДФ ги споделија своите лични искуства и ставови за бариерите при вработувањето, Панелистите ја истакнаа неопходноста од градење на можности за инклузивно вработување и работна средина за сите, лицата со попреченост да се третираат како составен дел од работната сила со еднаква плата. Воедно, се согласија за важноста од инвестирање во млади лица со попреченост преку унапредување на нивните вештини, овозможување на можности за професионален развој во текот на нивното образование и олеснување на нивната мобилност низ Европа.

Настанот заврши со видео порака од членот на Европскиот парламент, **Dragos Pislaru** и забелешките од **Nadia Hadad**, извршен член на ЕДФ и претседавач со Комитетот за социјална политика и инклузија на ЕДФ. Таа нагласи дека „вработувањето е столб на самостојното живеење“ и уште додаде дека соодветно приспособување не треба да е ограничено на само помошни технологии или физичка пристапност; исто така, треба да е прилагодено на потребите на поединецот. Таа повика да се соберат повеќе расчленети податоци за вработувањето на лицата со попреченост. Податоците треба да ги земат предвид факторите како што се степенот на образование, нивоа на менаџмент и позадина, како и да направат разлика помеѓу инклузивно и сегрегирачко вработување.

## Активности на Европскиот форум за попреченост

# 5-ти Европски парламент на лицата со попреченост
# Градење инклузивна иднина за лицата со попреченост во ЕУ

**700 застапници за попреченост (лица со попреченост) се состанаа во Европскиот парламент и побараа инклузивна иднина во ЕУ и притоа да се обезбеди „Ништо за нас, без нас“**

На 23 мај 2023 година, Европскиот парламент во Брисел беше домаќин на 5-тиот Европски парламент на лицата со попреченост, со учество на голем број лица со попреченост од сите европски земји претставувајќи ја целосната разноликост на лицата со попреченост во Европа. Настанот го организираа Европскиот форум за попреченост и Европскиот парламент, а послужи како директен канал помеѓу националните застапници и европските креатори на политики на највисоко ниво. Исто така, претставува можност која дозволува застапниците и лицата со попреченост, кои честопати се исклучени од политичките процеси поради дискриминаторните закони и непристапноста, да ги споделат своите загрижености директно до креаторите на политики во Европската унија. Овој настан ја зацврстува важноста од целосното учество на лицата со попреченост во европскиот проект и игра важна улога во осигурување дека лицата со попреченост се чувствуваат како дел од Европската унија.

Овогодинешниот парламент, кој како домаќин ја имаше претседателката на Европскиот парламент, Roberta Metsola, ја цементира обврската на Европскиот парламент за спроведување на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост. Ја зајакнува својата улога во гарантирањето дека членот 10 од Договорот за функционирање на Европската унија се почитува: „Во дефинирањето и имплементирањето на своите политики и активности, Унијата ќе се стреми да се бори против дискриминација заснована на пол, расно или етничко потекло, религија или верување, попреченост, возраст или сексуална ориентација.“ Претседателката на Европскиот парламент истакна: „Мотото на Европската унија „Обединети во различноста“ значи дека секој мора да има можност да се вклучи во нашиот европски проект. Мора да ги вклучиме сите лица со попреченост во нашите процеси на донесување одлуки. А за тоа, мора да ги отстраниме бариерите. Говориме за една петина од нашето население! Нашите права не може да се само номинални, тие мора да бидат вистински. Нашата Европа мора да биде инклузивна и пристапна за сите.




Yannis Vardakastanis, претседател на Европскиот форум за попреченост, додаде: „Овој настан е секако важен. Со тоа што е домаќин на движењето за попреченост – домот на демократијата на ЕУ- Парламентот ги признава како лица кои мора да имаат можност да се искажат и целосно да ги уживаат своите политички права. Во дополнение, Претседателот на Европскиот парламент исто така ја увиде важноста од целосно инклузивна иднина која го следи нашето мото: Ништо за нас, без нас. Се заблагодаруваме на претседателката Metsola за нејзиниот ангажман во движењето“.

Учесниците имаа можност да дискутираат на три различни панели кои ги опфатија темите:

- Рушење на бариерите - слободно движење и целосно учество
  На оваа тема повеќе внимание се обрна на правото на глас, пристапноста на транспортот и изградениот опкружување, како и претстојната ЕУ Карта за попреченост.
- Борба за нашите права – борба против нееднаквоста, социјалното исклучување и сиромаштијата
  Дискусиите во оваа тема беа насочени кон инклузијата во образованието и вработувањето, мерките за справување со се повисоките трошоци за живеење и како да се обезбеди дека сите лица со попреченост можат да живеат самостојно.
- Одговори кои ја вклучуваат попреченоста
  Во рамките на овој панел се дискутираше на одговорот на ЕУ за актуелните предизвици како што се климатските катастрофи, руската агресија врз Украина и состојбите со КОВИД-19.

За време на настанот, застапниците го усвоија Манифестот за Европските избори на Европскиот форум за попреченост. Манифестот дефинира активности во 5 главни области:

1. Гаранција за учество на лицата со попреченост во политичкиот и јавниот живот на ЕУ.
2. Реализација на Унијата на еднаквост за лицата со попреченост, земајќи ја Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост како свој компас.
3. Европа да стане посоцијална.
4. Да се прифати пристапноста – да се дозволи слободно движење во Европа.
5. Заштита на лицата со попреченост во Европа и пошироко.

Позначајните барања кои се застапени во Манифестот се следните:

1. **Да се осигура дека сите лица со попреченост имаат право на глас и право да бидат кандидати во европските избори.**

## Активности на Европскиот форум за попреченост

2. Да се осигурат цврсти сервисни служби кои се фокусираат на правата во областа на попреченоста во институциите на ЕУ: нов Генерален Директорат за еднаквост и инклузија во Европската комисија под водство на Комесарот за еднаквост; комитет за попреченост во Европскиот парламент; Коалиција за еднаквост во Советот.
3. Да се создаде нова европска агенција за пристапност.
4. Да се усвои карта за попреченост низ цела ЕУ, која ќе осигура взаемно признавање на статусот на попреченост низ сите земји членки.
5. Да се воведе поцврсто законодавство за заштита на правата на лицата со попреченост како патници, особено за забрана за качување на летови и праведна компензација кога се губи опремата за мобилност или кога се оштетува за време на патување.
6. Воспоставување на гаранција за вработување и вештини за лица со попреченост (Disability Employment and Skills Guarantee) за да се поттикне учеството на лицата со попреченост на отворениот пазар на трудот.
7. Дополнителна заштита за жени и девојки со попреченост, вклучително и забрана за присилна стерилизација.
8. Поддршка на Украинците со попреченост во и надвор од Украина, и да се обезбеди дека придонесот на ЕУ за обнова на Украина ќе изгради поинклузивна земја за лицата со попреченост.
9. Воведување на законодавство за да се гарантира расположливоста и достапноста со цена на помошни технологии за лица со попреченост.
10. Да се осигура дека следниот буџет на ЕУ во целост го поддржува самостојното живеење за лицата со попреченост и дека осигурува опфаќање на попреченоста во зелената и дигиталната транзиција.

## Соработки на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Соработка со Институтот за социјална работа и социјална политика при Филозофскиот факултет – Скопје

Долгогодишната соработка на РЦПЛИП – ПОРАКА со Институтот за социјална работа и социјална политика при Филозофскиот факултет на УКИМ во Скопје продолжува успешно да се реализира и во изминатиот период. Во рамките на предметот „Социјална работа со лица со попреченост", студентите имаат можност за практична настава во дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје.

Студентите беа вклучени во директни активности со корисниците во дневните центри, со цел детално да се запознаат со функцијата на дневните центри како важни социјални сервисни служби за лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства. Истовремено, имаа можност да се запознаат и со улогата на социјалните работници во спроведувањето на програмските активности во овие сервисни служби.





# Соработка со Асоцијација на студенти од Медицински факултет – Скопје

Оваа година, поточно од април 2023 година, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА оствари нова соработка која е многу значајна за лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства. Соработка е воспоставена со Асоцијацијата на студенти од Медицински факултет – Скопје, која опфаќа заеднички активности насочени кон подигнување на свеста и подобрување на пристапот на идниот медицински кадар кон лицата со интелектуална попреченост.

Студентите, поделени во групи, реализираа неколку посети во дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје. Тие имаа можност подобро да се запознаат со лицата со интелектуална попреченост и директно да учествуваат во активностите на овие дневни центри.

Активности на социјалните сервиси и локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП – ПОРАКА

## Дневни центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје

Во изминатиов период во дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје се реализираа низа активности кои се плод на возобновени соработки со еминентни институции од областа на здравството и образованието. Така во април и мај месец, двата дневни центри беа повеќепати посетени од студенти од Медицинскиот Факултет од Скопје, членови на „Европска Медицинска Студентска Асоцијација на Македонија“- ЕМСА. Во рамките на реализираните посети, студентите имаа можност да се запознаат и дружат со корисниците на дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје. Оваа соработка е од особено значење бидејќи истата овозможува подигнување на свеста и подобрување на пристапот на идниот медицински кадар кон лицата со интелектуална попреченост. Според изјавите на студентите од трета година, оваа можност за вклучување во активностите на дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА во Скопје значително ја подобрила перцепцијата за лицата со интелектуална попреченост која тие претходно ја имале. Активностите од оваа соработка се објавени и на официјалната Фејсбук и Инстаграм страна на „ЕМСА“ и РЦПЛИП - ПОРАКА.

Студенти од Институтот за социјална работа и социјална политика во рамките на изборниот предмет од својата студиска програма „Работа со лица со попреченост“, во повеќе наврати во април и мај реализираа пракса во просториите на двата дневни центи на РЦПЛИП - ПОРАКА во Скопје. Ова е добра можност студентите да се запознаат со начинот на работа и активностите во дневните центри, карактеристиките и пристапот во работата со оваа популација. Исто така споделени беа и информации во врска со правата и услугите кои се достапни за лицата со интелектуална попреченост. За нашите корисници ова, исто така, претставува добра можност за дружење и разбивање на постоечките предрасуди во поглед на можноста за нивна целосна интеграција во општеството.

Како плод на повеќегодишна соработка со аматерскиот театар „Театар Пи“ и актерите Златко Митрески и Македонка Илиевска, во тек е подготовка на нов мултимедијален проект работен според романот „Ние, врапчињата“ од писателот Јордан Радичков. За потребите на овој проект во двата дневни центри по еднаш неделно во изминативе месеци се реализира работилница со актерите. На истите се читаа делови од споменатиот роман, се изработуваа птици со помош на различни материјали и техники и се црташе на хамер...

Во рамките на оваа соработка и со поддршка на Арт Бригада по идеја на актерите на 01.04.2023 година беше одржан целодневен хуманитарен настан во кафулето „Бруталиск“ во Скопје. Целта на овој настан беше да се соберат средства за нови тапани за нашиот корисник Дино Рамо и истата беше постигната. Покрај повеќе имиња од музичката сцена настапи и Дино. По повод успешно реализираниот проект на 03.04.2023 година, Дино и Златко беа гости во утринската програма на телевизија Телма.



На 12-ти април 2023 година во спортскиот центар Борис Трајковски се одржа првиот Инклузивен Саем „Спорт за сите“. На овој настан свое учество земаа претставници и корисници од дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје. Стана збор за можноста и потребата од обезбедување на еднакви можности за вклучување на лицата со попреченост како активни чинители во сите сегменти во спортот. Настанот е дел од проектот „Од знаење и образование до зајакнување и учество“ со цел зајакнување на учеството на лицата со попреченост во спортот, а вклучуваше панел дискусии, саем на кој се презентираа можностите за активно спортување на лицата со попреченост во неколку спортски федерации и клубови, како и практично демонстрирање на спортски дисциплини.

Во изминатиот период беа реализирани неколку работилници кои произлегоа од соработката на РЦПЛИП - ПОРАКА и организациите „На пола пута“ од Панчево, Р. Србија и „СУМЕРО“ од Сараево, Р. Босна и Херцеговина, а се однесуваа реализирање работилници на теми дискриминација, стереотипи и предрасуди за лицата со интелектуална попреченост. Исто така, во рамките на овој проект се реализираа и работилници на темите за културата, традицијата, обичаите и религијата.

Кон крајот на месец мај и почетокот на месец јуни во дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје, корисниците и едукаторите имаа можност да се запознаат и дружат со вработени лица од партнерската организација „Lebenshilfe Tirol“ од Австрија.

## Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип

Активностите во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип редовно се реализираат согласно предвидените програмски активности. Покрај овие секојдневни активности се реализираа и низа креативни работилници. Дел од нив беа посветени на теми кои се однесуваа на одбележувањена позначајни верски и државни празници во нашата земја. На почетокот од месец април ре реализираа работилници по повод велигденските празници. Со корисниците се говореше за пост, неговото траење и разликување на храна од животинско и растително потекло. Се реализираа работилници во кои беа изработувани велигденски корпи, венци и бројни велигденски декорации

## Активности на социјалните сервиси и локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА






изработени од комбинирани материјали. Традиционално на Велики Четврток корисниците самостојно бојадисуваа велигденски јајца. По повод празникот на Сесловенските просветители Свети Кирил и Методиј, со корисниците се разговараше за значењето на овие двајца светители во ширењето на словенското писмо и култура. Исто така, како дел од активностите во рамки на проектот „Интеркултурно учење за сите“ кој РЦПЛИП – ПОРАКА го реализира во соработка со Здружението На Пола Пута од Србија, и Савез Сумеро од Босна и Херцеговина се реализираа неколку работилници на кои се разработуваа теми поврзани со дискриминација, предрасуди, стереотипи кои сè уште се присутни во нашето опкружување. Следеа и работилници на тема култура, традиција, обичаи и религија. Воедно, корисниците на 14-ти јуни беа во посета на Кадин Ана Џамија и црквата „Свети Никола“ во Штип, каде имаа можност да чујат нешто повеќе за муслиманската и православната религија од свештените лица.

Покрај редовните активности, корисниците на дневниот центар беа вклучени и реализираа активности во соработка со други чинители во општината. Една од тие активности беше и учество на првата градска трка на рамна патека во Штип која се одржа на 30-ти април. На покана на Здружението SUPERIOR RUNS, корисниците на дневниот центар заедно со нивните родители и едукаторите зедоа учество како волонтери поддржувачи, на првата градска трка на рамна патека во Штип. Трката се одржа под покровителство на Superior Dispatch Service, а под мотото „Супериор Ранс – Стани трчај!“. На 13-ти мај, здружението додели благодарници на поддржувачите на овој настан, меѓу кои и на корисниците на дневниот центар. На крајот на месец мај во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип, корисниците и едукаторите имаа можност да се запознаат и дружат со вработени лица од партнерската организација „Lebenshilfe Tirol“ од Австрија.

### Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Прилеп

Покрај редовните активности кои се реализираат во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Прилеп, изминатиов период се реализираа и низа други активности и работилници. По повод големиот христијански празник Велигден се реализираа креативни работилници, а празникот симболично беше одбележан со традиционалното вапсување велигденски јајца. Во месец април и мај се реализираа и спортско рекреативни работилници кои имаа за цел стимулирање на натпреварувачкиот дух и поттикнување здрави навики кај корисниците. Од особена важност во изминатиов период е и обновената соработка со зумба студиото “Active Zone” каде што корисниците имаат можност двапати во неделата да вежбаат зумба со лиценциран тренер.

Почнувајќи од месец мај во дневниот центар се одржуваат и работилници на теми од дискриминација и видови дискриминација, како и теми од областа на културата, традицијата и обичаите во соработка со ученици од СОУ „Ѓорче Петров“,. Овие работилници се дел од проектните активности во рамките на „Интеркултурно учење за сите“ кои РЦПЛИП – ПОРАКА ги реализира со Здружението Na Pola Putaод Србија, и Savez Sumero од Босна и Херцеговина.

### Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш

Во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш редовно се спроведуваат сите предвидени програмски активности за развивање на вештините за самостојно живеење на корисниците. Покрај овие редовни активности, се реализираат и низа работилници и активности поврзани со значајни празници или датуми, како и активности со соработниците на дневниот центар. По повод велигденските празници, корисниците изработуваа различни велигденски декорации самостојно во дневниот центар, но се реализираа и две работилници на истата тема со волонтери од ОО на Црвен крст во Радовиш. Исто така, се одржаа и работилници со ученици од ООУ „Крсте Петков Мисирков“ кои заедно со наставник по македонски јазик изработуваа велигденски украси од колажна и крепон хартија. На 28.4.2023 година, по повод патронатот на ООУ „Никола Карев“, а на покана од директорот на училиштето, корисниците на дневниот центар заедно со нивните



## Активности на социјалните сервиси и локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

родители земаа учество на „Саем на готова храна“ како дел од програмата за одбележување на патрониот празник. На својот штанд корисниците и нивните родители се претставија со солени и благи специјалитети кои до крајот на настанот успешно се продадоа.

Редовно се реализираа и предвидените работилници за драмата „Малечката сирена“. Корисниците на дневниот центар заедно со учениците од СОУ „Коста Сусинов“ имаа неколку работилници на кои по поделба на улогите го вежбаа текстот на претставата.

Изминатиот период редовно со реализираа и работилниците на темите од дискриминација, стереотипи и предрасуди за лицата со интелектуална попреченост, како и работилниците на темите од култура, обичаи, традиции и религија кои се дел од проектните активности што РЦПЛИП – ПОРАКА ги спроведува заедно со Здружението Na Pola Putaод Србија, и Savez Sumero од Босна и Херцеговина во рамките на проектот „Интеркултурно учење за сите“.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола

Социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола непречено ги реализираше предвидените програмски активности. Во почетокот на месец април, голем дел од активностите беа насочени кон одбележувањето на христијанскиот празник Велигден. Се реализираше работилница за запознавање на религијата, традицијата и обичаите кои македонскиот народ ги практикува за време на Велигденските празници. Со практична работа – цртање и боење на хартија и гумирана креативна хартија, сечење, лепење на декорации на истите, корисниците покажаа голем интерес, дисциплина и упорност да дојдат до краен резултат, односно Велигденски декорации, од кои дел беа подарени, а со дел самите корисници ги украсија своите домови. Во пресрет на Велигден во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола се одржа инклузивна забавно-креативна работилница „Боите и радоста на Велигден“ со повеќегодишните соработници, учениците од ООУ „Тодор Ангелевски“ заедно со нивниот наставник Весна Гагалевска, и практикантите, студенти од Педагошкиот факултет од Битола. Пред големиот христијански празник, претставници на ЦПЛИП - ПОРАКА Битола беа во посета на Општина Битола во која се одржа средба со Градоначалникот др. Тони Коњановски, со кој разговаравме за проблемите и потребите на лицата со интелектуална попреченост, со што беше потврдена досегашната и понатамошната соработката на Општина Битола и ЦПЛИП – ПОРАКА Битола.

На Велики Четврток корисниците на социјалниот клуб, на покана од Старскиот дом „Сју Рајдер – Битола“ учествуваа во заедничка активност со корисниците од старскиот дом. Нашите корисници покажаа одговорност и соработка со старите лица, на кои им помогнаа да направат и декорираат разнобојни украсни Велигденски јајца. На почетокот од месец мај, поточно за одбележување на првомајскиот празник, корисниците прошетаа по ливадите во околината на Битола, а убавото време во текот на месец мај, исто така го искористија за спортско рекреативни активности на отворено.

Воспоставената соработка со Педагошкиот Факултет при Универзитетот „Св.Климент Охридски“ продолжи и во изминатиот период. Студенти од студиската програма за Социјална и рехабилитациска педагогија учествуваат во директна работа со корисниците во социјалниот клуб во рамки на изведувањето на програмските активности во истиот. На 23.5.2023 година се потврди долгогодишната соработка со ООУ „Трифун Пановски“ со потпишување на меморандум за соработка.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица

Социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица редовно ги реализира и спроведува планираните програмски активности пропратени со низа креативни работилници. Во текот на месец март корисниците беа активирани преку неколку креативни работилници на кои со помош од едукаторите и родителите изработуваа ракотворби со велигденска тематика по повод претстојниот христијански празник Велигден: велигденски кошници, зајачиња, пилиња, велигденски декоративни јајца, велигденски сувенири и разни украси.

Под мотото „Да ги отфрлиме стереотипите, а да ја подигнеме свеста за нашите потенцијали и можности“, социјалниот клуб спроведе Велигденски базар на 08.04.2023 година во малиот парк спроти трговскиот центар „Глобал“ во Струмица на којшто беа презентирани ракотворби на корисниците и продавани по симболични цени. Воедно корисниците на социјалниот клуб беа присутни со своите ракотворби со велигденска тематика и на Велигденскиот хепенинг кој се одржа на 15.04.2023 на плоштадот „Гоце Делчев“ пред Културниот дом „Антон Панов“ во Струмица, спроведен во организација на персоналот и штитениците од Заводот за заштита и рехабилитација „Бања Банско“ на кој присуствуваше и министерката за труд и социјална политика Јована Тренчевска.





Во доменот на надворешните дружења, на големо задоволство корисниците беа поканети во новиот дом на корисничката Александра Паскова, а по повод вселувањето во новиот дом. Корисниците, родителите, едукаторот и волонтерките го поминаа времето во прекрасна заедничка забава и дружење, каде со песни и ора го прославија овој среќен настан.

Во изминатите месеци мај и јуни активно се продолжи со реализирање на планираните активности пропратени преку соодветни креативни работилници на кои доаѓаат до израз практичните и рачни изработки на корисниците, а напоредно со сето тоа и усвојување и стекнување на социјалните вештини за поголема самостојност во секојдневното живеење во сите сфери на општественото живеење: како да се заштитуваме во случај на елементарни непогоди: пожар, поплава и земјотреси, како да реагираме и да пристапуваме, развој на еколошката свест за сортирање на отпадоците и заштита на животната средина преку сортирање на отпадокот на: стакло, пластика, хартија и друго.

## Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Виница

Согласно планираната програма за работа социјалниот клуб на РЦПЛИП-ПОРАКА во Виница во изминатиот период редовно ги спроведуваше своите предвидени активности. Се реализираа активности за стекнување на вештини за самостојно живеење и низа активности за унапредување на когнитивните и социјалните можности на корисниците на социјалниот клуб.

Во текот на месец април поголемиот дел од активностите на социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Виница беа во знакот на одбележувањето на големите верски празници Велигден и Рамазан Бајрам. По повод Велигденските празници се реализираа креативни работилници во соработка со ученици од СОУ „Ванчо Прќе“. Се изработуваа најразлични ракотворби и украси со Велигденски мотиви. Овие велигденски украси потоа беа претставени на Велигденски хуманитарен базар и се продаваа по симболични цени. Собраните средства се наменети за потребите на социјалниот клуб. Исто така, во социјалниот клуб се реализираше и бојадисување на велигденски јајца. По повод Рамазан Бајрам, пак во социјалниот клуб се разговараше за значењето на овој празник за лицата од муслиманска вероисповед, а се послужија и традиционалната баклава и алва. Денот на планетата земја, корисниците на социјалниот клуб го одбележаа со садење цвеќиња кои воедно го разубавуваат и просторот за работа во социјалниот клуб

Во текот на месец мај социјалниот клуб се вклучи



во одбележување на месецот на психолошко здравје. Се реализираше работилница на која со корисниците се разговараше за сопствените чувства при разни навреди, однесувањето на другите лица кон нас, како да се реагира кога некој ќе нè навреди и како сакаме да се однесуваат другите луѓе кон нас. Корисниците раскажуваа и за различни пријатни или непријатни случки кои лично ги доживеале. Исто така, се одбележа и 15-ти мај, денот на семејството. Во социјалниот клуб со корисниците се разговараше за важноста на семејството во животот на секој човек, а воедно секој корисник ги црташе сопствените членови на семејството. Се реализираше и работилница за одбележување на 24-ти мај, денот на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј во која корисниците согласно нивните можности ги препознаваа буквите од азбуката, ги пишуваа истите и читаа текстови. Се реализираа и неколку забавни активности како на пример, склопување на коцки и редење на сложувалки, а се обрна и внимание на активностите за одржување на хигиената, како личната така и на просторот во социјалниот клуб.

## Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Гевгелија

Социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Гевгелија непречено ги реализира предвидените програмски активности во изминатиов период. Првата работилница во месец април беше посветена на Меѓународниот ден на лицата со аутизам. Следните неколку работилници беа посветени на христијанскиот празник Велигден, при што се разговараше како се празнува овој празник, кои се обичаите поврзани за празникот, а се изработуваа и различни изработки на тема Велигден. Се реализираа и две работилници за рекреација. Првата беше „Пронајди го скриеното богатство“ при што секој корисник имаше задача да сокрие одреден предмет во просторијата, а другите треба да го пронајдат. Работилницата беше наменета за развивање на способностите за ориентација во просторот, а втората беше меморија со картички на ликови од цртани филмови, при што корисниците требаше да ги препознаваат ликовите од цртаните филмови и да ги именуваат.

Во месец мај во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА се реализираа работилници за изработка на гипсени фигури со пролетни мотиви. Една работилница беше посветена на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј. На оваа работилница корисниците се обидуваа да ги именуваат и препознаваат буквите од нашата азбука, го пишуваа своето име, формираа букви од пластелин. Не се заборавија ниту практичните активности, па една од работилниците беше наменета за подготовка на топли напитоци т.е. чај и кафе.

Изминатиот период продолжи и соработката со другите чинители во општина Гевгелија. На покана на ОО на Црвен крст во општина Гевгелија, ЦПЛИП – ПОРАКА Гевгелија присуствуваше на трибина „Секое дете со својата автентичност“ која беше наменета за рана дијагностика и препознавање на нетипичниот развој кај децата од помала возраст. На трибината учествуваа стручни лица од оваа област и родители на деца со попреченост.

На покана на Општина Гевгелија, ЦПЛИП – ПОРАКА Гевгелија учествуваше на трибина со наслов „Мапирање на лицата со попреченост над 15 годишна возраст во општина Гевгелија“ во организација на општина Гевгелија, ЈУ МЦСР Гевгелија, ЗИО – Гевгелија и Центарот Мајка Тереза.

ПОРАКА

# Наша Страница

## Заклучоци од работилници за дискриминација во рамки на проектот „Интеркултурно учење за сите“

Во рамките на проектот „Интеркултурно учење за сите“, меѓу останатите активности, во изминатиот период се реализираа и работилници на темите од дискриминација, предрасуди и стереотипи кои се однесуваат на лицата со интелектуална попреченост. Реализирајќи ги работилниците во дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА, корисниците се стекнаа со нови знаења, а од нив произлегоа и неколку интересни заклучоци.
















ISSN 0350-5863